# Услови и информации за автобуски превоз

Почитувани родители,

Превозот на ученици е услугата која ја нуди компанијата „Транспортни услуги“, за потребите на нашите фамилии.

Автобускиот превоз ќе се одвива од понеделник до петок и ќе го следи училишниот распоред, почнувајќи од земање на децата од различни локации наутро, до земање на учениците од училиштето попладне. Учениците кои се запишани за користење на овој превоз, а кои посетуваат после школски активности, ќе треба да бидат земени од своите родители.

Во моментов не нудиме услуга „од врата до врата“, туку ги земаме децата од одредено место кое е блиску до нивните домови. За конечните дестинации ќе се одлучи заедно со родителите во текот на првата недела од учебната година, со отпочнување на услугата од втората недела. Од безбедносни причини, маршутите нема да бидат јавно објавени.

Иако ќе ги вложиме сите напори да се придржуваме кон закажаното време, во случај на сообраќаен метеж, не можеме да гарантираме за времето. Нашата главна цел ќе биде безбедно пристигнување на децата во училиштето, со минимално време на патување. Доколку се случи автобусот некогаш да задоцни, ги замолуваме родителите да бидат трпеливи и да го придружуваат детето додека не дојде автобусот или, кога детето треба да пристигне дома, да го пречекаат на договореното место.

Ваквиот превоз влијае врз намалување на застојот во сообраќајот пред нашето училиште. Нам ни е од голема важност безбедноста во училиштето, така што сметаме дека таа ќе биде засилена при помалку автомобили и намален застој.

## Како да аплицирате

Вашето дете може да го користи автобускиот превоз доколку е примен за ученик во НОВА. Родителите треба да го предадат формуларот и договорот за автобуски транспорт при официјалниот прием или на почетокот од учебната година. Доколку има слободни места, родителите можат да се пријават за оваа услуга и во текот на учебната година.

Ние ќе дадеме сѐ од себе да им излеземе во пресрет на што е можно поголем број ученици, но предност ќе имаат оние кои најбрзо ќе го предадат формуларот и ние нема да можеме да гарантираме место за сите ученици кои ќе се пријават за оваа услуга. **Доколку сте заинтересирани, побрзајте да го пријавите своето дете.**

## Плаќање

Цената за користење на автобускиот превоз во текот на еден семестар изнесува **€ 900 по ученик** и може да се плати во евра или денарска противвредност. Цената за автобуски превоз во еден правец изнесува **€ 600 по ученик,** со приоритет на фамилии коишто се пријавени за превоз во двата правци. Во цената е вклучен и ДДВ (5%). Сумата мора да биде исплатена најкасно две недели од почетокот на превозот, во спротивно Вашето дете нема да биде во можност да ја користи оваа услуга. Цената треба да се уплати во целост и не може пропорционално да се подели. Фактура со трошокот за услугата ќе биде издадена со приложување на пополнет и потпишан формулар и договор за автобуски превоз.

Доколку сакате да се пријавите за автобуски превоз, ве молиме пополнете го формуларот и договорот кои можете да ги добиете во администрација кај Ивана Стојнева (ivana.stojneva@nova.edu.mk, телефонскиот број 3061-807 лок. 119) . Откако ќе се соберат сите формулари, родителите ќе бидат известени за тоа дали нивното дете е регистрирано за користење на оваа услуга. Оние деца кои се примени ќе добијат распоред со времето и маршутата. Повремено би можеле да настанат промени во однос на маршутата со цел да се задоволат потребите на што е можно повеќе ученици, но во тој случај родителите ќе бидат навремено известени.

## Фактурирање

Родителите ќе треба да потпишат семестрален или годишен договор, по што ќе следи фактура за избраниот временски период. Фактурата ќе треба да се плати во целост не подоцна од две недели од отпочнување на услугата, во спротивен случај не можеме да гарантираме за местото на Вашето дете.

## Контакт

Доколку имате прашања во однос на транспортната компанија („Транспортни услуги“), може да се обратите кај Никола Смилков, претставник на компанијата.

Ве потсетуваме дека НОВА соработува со оваа компанија со цел да помогне при координирање на услугата, а не одговара за донесување одлуки за маршутата, за времето на земање на учениците и за финансиите.

**Никола Смилков**

*Претставник на фирмата „Транспортни услуги“*

e-mail: nikola.smilkov@nova.edu.mk

Тел: 3109-009

Мобилен: 070-367-735

ВАЖНО:

- Доколку запишаниот ученик не ја користи услугата во текот на денот, родителот презема одговорност да се јави во компанијата пред 7:00 часот наутро и навремено да го извести возачот. Доколку ученикот не се враќа од училиштето со автобускиот превоз, родителот треба да ја извести транспортната компанија или училиштето до 11:00 часот.

- Во случај на скратени часови во училиштето, термините за земање и враќање на децата ќе бидат приспособени кон училишниот распоред. Промена во термините нема да се случи доколку таа се однесува на помал дел од учениците(на пример, поради учество во училишните претстави, екскурзии и сл.) и во тој случај, родителот ја презема одговорноста да обезбеди превоз за детето и да ја информира компанијата.